**20220891071**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2022 година.

Бр. 08-1666/1
5 април 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА**

Член 1

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21), во член 16 став 2 по точката 1) се додава нова точка 2), која гласи:

„2) да нема државјанство на друга држава;“.

Точката 2) станува точка 3).

Точките 3) и 4) кои стануваат точки 4) и 5) се менуваат и гласат:

„4) да има стекнато најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/2 степен на образование во научните подрачја: општествени науки од областа на безбедноста, одбраната, правните и економските науки;

5) да има најмалку 12 години работно искуство, во областа на безбедноста, одбраната или разузнавањето, од кои најмалку пет години на раководни позиции во истите;“.

По точката 5) која станува точка 6) се додаваат четири нови точки 7), 8), 9) и 10), кои гласат:

„7) да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија;

8) со безбедносна проверка, која се врши врз основа на негова претходна писмена согласност, да е утврдено дека не постои безбедносен ризик за негово именување;

9) да не е во состојба на судир на интереси, односно да не е утврдено постоење на судир на интереси, согласно со закон;

10) да има положено тест за интегритет.“.

Во став 3 по зборовите: „по негово барање,“ се додаваат зборовите: „ако престане да исполнува некој од условите од ставот 2 на овој член,“.

Член 2

Во член 69 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Со примена на информатичко - технички системи за чување, Полицијата ги води следниве евиденции за:

1) отпечатоци од папиларни линии;

2) ДНК профили;

3) фотографии од лица.“.

Член 3

Во член 69-б по ставот 12 се додаваат три нови ставови 13, 14 и 15, кои гласат:

„Евиденцијата од членот 69 став 3 точка 1) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција со отпечатоци од папиларни линии од прсти и дланки од лица и
- евиденција со траги од папиларни линии.

Евиденцијата од членот 69 став 3 точка 2) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција со ДНК профили од лица и
- евиденција со ДНК профили од траги од биолошко потекло.

Евиденцијата од членот 69 став 3 точка 3) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција со фотографии од лица и
- евиденција со фотографии од непознати сторители.“.

Член 4

Членот 73 се менува и гласи:

„Организациската единица која ги води евиденциите од членот 69 од овој закон ги брише податоците во случаите кога:

- ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите заради кои податокот е внесен во евиденцијата,
- се исполнети условите за законска или судска рехабилитација, а по поднесено барање за бришење на податоците и
- е донесена ослободителна или одбивателна пресуда, а по поднесеното барање за бришење на податоците.“.

Член 5

Во член 75 по ставот 2 се додаваат три нови ставови 3, 4 и 5, кои гласат:

„Податоците во евиденциите од членот 69-б ставови 13, 14 и 15 се чуваат двапати онолку време колку што се бара за застареност за извршување на казната според одредбите на Кривичниот законик, доколку е донесена осудителна правосилна судска пресуда.

Податоците во евиденциите од ставот 3 на овој член, се бришат во секој случај кога ќе изминат 60 години од денот на нивното внесување во евиденциите.

По исклучок од ставовите 3 и 4 на овој член, податоците можат да се чуваат трајно, само за кривичните дела кои според Кривичниот законик е предвидено дека не застаруваат.“.

Член 6

Во член 128 став (1) во алинејата 12 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 13 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја, која гласи:

„- начинот на бришење на податоците во евиденциите.“.

Член 7

Директорот именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван, во согласност со одредбите од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 294/21).

Член 8

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Подзаконскиот акт што се однесува за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата ќе се усогласи со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.